| |
|---|
| Наслов на Проектот:<br><br>ИПА ПРОЕКТ 2009 - **“Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица”.** |

| | |
|---|---|
| **Период на реализација:** | декември 2012 - ноември 2014 (24 месеци) |

**Краток опис на Проектот:**

Проектот се состои од две компоненти кои одделно се фокусираат врз прашањата поврзани со полицијата и затворите, насочени кон:

1. Развивање на капацитетите за обезбедување на професионализам на полициската служба за гарантирање на целосното почитување на фундаменталните права преку ефикасна и одговорна регулаторна и оперативна рамка.

2. Јакнење на организациските и управувачките капацитети на пенитенцијарниот систем во земјата со цел да се обезбеди целосна заштита на човековите права во постапувањето со притворени и осудени лица.

Проектот ќе биде спроведен во блиска соработка и партнерство со Министерството за правда (Управа за извршување на санкциите) и Министерството за внатрешни работи (Бирото за јавна безбедност и Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди), кои ги претставуваат главните проектни корисници. Проектот истовремено ќе вклучи и поширока група на национални партнери и засегнати страни, кои ќе придонесат кон градење на капацитетите на целната група и ќе се стремат кон јакнење на заемната соработка во насока на спречување на лошото и несоодветно постапување и спроведување на ефективна истрага по однос на пријавените случаи. Овие засегнати страни, меѓу другите, ќе ги вклучат и претставниците од Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Јавниот обвинител, Народниот правобранител и Националниот механизам за превенција, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, како и невладините организации кои се активни во борбата против лошо постапување и неказнивоста.

| | |
|---|---|
| **Цел на проектот:**<br><br>**Пенитенцијарен систем (Компонента 2)**<br>Зајакнување на организацискиот и управувачкиот капацитет на пенитенцијараниот систем во државата за да се обезбеди целосна заштита на човековите права на осудените и притворените лица согласно меѓународните стандарди. | |
| **Буџет на Проектот:** | Целокупниот буџет на Проектот изнесува 2.100.000 Евра. Средствата во буџетот обезбедени од Европската Унија изнесуваат 1.800.000 Евра, Советот на Европа придонесува со 100.000 Евра, додека националниот придонес од страна на Владата на Република Македонија е 200.000 евра. |

| **Очекувани резултати од Проектот:**<br><br>**Пенитенцијарен систем (Компонента 2)** |
|---|
| 1. Развиена е сеопфатна Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем и претставена е пред националните власти. |
| 2. Националната стратегија за здравствена заштита е ревидирана и обезбедувањето на здравствена заштита во затворите е подобрено. |
| 3. Раководењето со затворите и постапувањето по поединечни случаи, особено третманот на ранливите групи на осудени лица, се подобрени. |
| 4. Воспоставена е добро осмислена и одржлива структура на обуки со фокус на две конкретни области: човекови права и управување. |
| 5. Подобрена е внатрешната контрола и надворешниот надзор и супервизија на затворите и воспоставени се механизми за превенција и борба против корупцијата кај затворскиот персонал со процедури за надзор и постапување по наводите за повреди на човековите права. |